ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-1568/2
18.04 2022 год.-viti
СКОПЈЕ-ШКУП

Врз основа на член 6 точка 3 од Деловникот на Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Улици и Патишта - Скопје,Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на својата петтата седница,одржана на ден 18 април 2022 година го донесе следното

М И С Л Е Њ Е

По разгледувањето на Извештајот за работењето на ЈП Улици и патишта Скопје за период 01.01.-31.03.2022 година,изготвен од страна на стручните служби на претпријатието,како и дискусијата по однос на оваа точка од дневниот ред, Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Улици и Патишта – Скопје едногласно даде **позитивно мислење** за истата.

Исто така, Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Улици и Патишта – Скопје предлага до Управниот одбор на ЈП Улици и Патишта – Скопје и до Советот на Град Скопје да донесат одлука за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП Улици и патишта Скопје за период 01.01.-31.03.2022 година.

Надзорен одбор за контрола на материјално-

финансиско работење

Претседател

Сашо Апостолоски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА RRUGË DHE RRUGICA СКОПЈЕ-ШКУП NDËRMARRJES PUBLIKË

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-1569/2
18.04 2022 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член член 27 од Статутот на ЈП Улици и патишта-Скопје и Мислењето на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење бр.02-1568/2 од 18.04.2022 година, Управниот одбор на шестата седница, одржана на 18 април 2022 година, ја донесе следната

О Д Л У К А

ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА-Скопје
ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.- 31.03.2022 година

I

Се усвојува Извештај од работењето на ЈП Улици и патишта-Скопје, за период од 01.01. заклучно со 31.03.2022 година.

II

За реализација на оваа Одлука ќе се погрижи секторот за Финансиско работење кој се задолжува Извештајот, согласно Статутот и Законот за јавни претпријатија да го достави до Град Скопје на разгледување и давање согласност.

III

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува по добивање согласност од Советот на град Скопје.

Скопје,
18 април 2022 година

УПРАВЕН ОДБОР
Председател
Даниела Симоновска

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА RRUGË DHE RRUGICA SKOPJE-SHKUP NDËRMARRJES PUBLIKE

Бр.-Nr. 05-1593/1
18-04 2022 год.-vitt
СКОПЈЕ-SKOPJE

И З В Е Ш Т А Ј

од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје

за периодот 01.01.-31.03.2022 г

Скопје, април 2022 г

1. ВОВЕД

Во првите три месеци од 2022 година ЈП Улици и патишта - Скопје извршуваше исти активности кои ги извршува секоја година во овој период согласно временските услови и Програмите за работа на Претпријатието донесени од страна на Советот на Град Скопје.

Имено, во периодот од 01.01.-15.03.2022 г во најголем дел се одвиваа активности поврзани со Зимската служба согласно Програмата, а зависно од временските услови и активности околу редовното летно одржување.

Активностите кои Секторот Сообраќај ги извршува постојано во текот на целата година независно од периодот и временските услови ги извршуваше и во првото тромесечие во 2022 г. Пред се, ова се однесува на работите околу овозможување исправно функционирање на хоризонтална, вертикална и светлосна сигнализација.

2. ОПШТИ ПОДАТОЦИ

Согласно Законот за јавни претпријатија и Законот за трговски друштва ЈП Улици и патишта е регистрирано под ова име како Јавно претпријатие со упис во судски регистар-регистарска влошка бр.02039215?-7-09-000 од 29.10.2001 год. и шифра на дејност **42.11 –** градежништво.

Седиштето на претпријатието е на ул.Коле Неделковски бр.38 Скопје.

Дејностите на ЈП согласно Статутот и шифрата на дејност се:

42.11 Изградба на патишта и автопати

Претпријатието ги врши следните активности за извршување на својата дејност:

- Изградба, реконструкција и одржување на улици, патишта и други велосипедски и пешачки патеки;
- Изградба на коловозна конструкција на улици, патишта, надвозници и др.;
- Изработка на тротоари;
- Обележување на патишта и други ознаки;
- Поставување на заштитни огради, сообраќајни знаци и сл.;
- Изградба на аеродромски писти;
- Одржување на сообраќајна сигнализација;
- Одржување на улици и сообраќајници во зимски услови.

Во рамките на предметот на работењето Претпријатието ќе ги врши и следниве дејности:

- 08.12 Вадење на чакал и песок, глина и каолин;
- 08.99 Останато рударство и вадење на камен неспомнато на други места;
- 23.61 Производство на производи од бетон за градежни цели;
- 42.91 Изградба на хидроградежни објекти;
- 42.99 Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на други места;
- 43.11 Уривање;
- 43.12 Подготвителни работи на градилиште;
- 43.29 Други градежни – инсталатерски работи;
- 43.99 Останати специјализирани градежни работи неспомнати на други места;
- 45.20 Одржување и поправка на моторни возила;
- 71.12 Инженерство и со него поврзано техничко советување;
- 96.03 Погребни и слични дејности.

3. ОРГАНИЗАЦИЈА

Во согласност со статутарните одредби и Правилникот за организација и систематизација ,а заради ефикасно извршување на работите ЈП е организирано во форма на сектори и одделенија и тоа:

1. Самостојно одделение за внатрешна ревизија
2. Самостојно одделение за јавни набавки
3. Сектор Одржување и изградба на сообраќајници
4. Сектор Сообраќај;
5. Сектор Механизација;
6. Сектор за Техничка подготовка и развој;
7. Сектор за Финансиско работење
8. Сектор за Општи, правни работи и човечки ресурси;

На 01.01.2022 година, јавното претпријатие Улици и патишта-Скопје годината ја започна со вкупно **237** вработени.

На 31.03.2022 година вкупниот број на вработени изнесува **234** работника што е **намалување** во однос на состојбата на 31.03.2021 година кога биле вработени 247 работници.

Во текот на првите три месеци бројот на вработените се намали за 3(три) вработени од кои:

- 1(еден) вработен помалку во Сектор Општи, правни работи и човечки ресурси во месец 01/2022 година поради смрт на вработениот;
- 2 (два) вработени помалку во Сектор Механизација во месец 02/2022 година поради остварување на право на пензија;

Во прилог е табелата за број на вработени по Сектори и квалификациона структура на вработените на 31.03.2022 г.

БРОЈ И КВАЛИФИКАЦИОНА СТРУКТУРА ПО СЕКТОРИ И САМОСТОЈНИ ОДДЕЛЕНИЈА

	ВСС	ВШС	ССС	ВК/КВ	НК/ПК	Вкупно
Директор	1					1
Самостојно одделение за внатрешна ревизија	1					1
Самостојно одделение за јавни набавки	4					4
Одржување и изградба на сообраќајници	2	1	12	30	19	64
Сообраќај	12	1	16	6		35
Механизација	3		49	13	6	71
Техничка подготовка и развој	6		2			8
Финансиско работење	4	1	12			17
Општи правни работи и човечки ресурси	5		28			33
Вкупно	**38**	**3**	**119**	**49**	**25**	**234**

Во Годишниот план за вработување во ЈП Улици и патишта –Скопје за 2022 година планирано е вработување на 53 извршители (даватели на услуги, помошно – технички лица и административен службеник), но истиот не е реализиран во првото тромесечие од 2022 година. Исто така за реализација на планираните активности за подобрување на состојбата со коритото на реката Вардар, нејзините притоки и отворените канали преку континуирано нивно одржување и чистење во соодветната Програма, предвидено е ангажирање на дополнителни работници за што средствата се обезбедени од Буџетот на Градот Скопје преку Програма, но во периодот од 01.01.-31.03.2022 година не се ангажирани.

4. ФИЗИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Физички показатели од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје во периодот 01.01.-31.03.2022 г.,односно техничката реализација е прикажана во Табелите кои следат.

4.1. ТЕХНИЧКА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НИВО НА ПРЕТПРИЈАТИЕ

Реден број	ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА	асфалт	Асфалт-асфалтирање површини	Бележење (фарбање)	Поставени знаци	Лед модули	Механизација	Работна рака
	2022	тон	м2	м2	ком.	ком.	час	час
1	**ГРАД СКОПЈЕ**	30	8.408,46	2.792,50	199	48	6.651,50	21.312
2	**Други инвеститори**	25,7						
	ВКУПНО:	**55,7**	**8.408,46**	**2.792,50**	**199**	**48**	**6.651,50**	**21.312**

Од Табелата може да се забележи дека најголем дел од работењето во првите три месеци од 2022 година е извршено за основачот Град Скопје, а занемарлив дел е работењето за други инвеститори – правни лица.

Обемот на активностите околу асфалтирање на површините е намалено. Ова е очекувано имајќи предвид дека се работи за зимски период кога најголем дел од активностите се активностите околу зимското одржување на сообраќајници кое е исклучиво во надлежност на Град Скопје.

Другите Сектори во Претпријатието кои не се директно поврзани со функционирањето на Зимската служба и чие работење е независно од временските услови во овој период ги извршуваа своите активности редовно како и во останатиот дел од годината.

4.2. ТЕХНИЧКА РЕАЛИЗАЦИЈА – ИНВЕСТИТОР ГРАД СКОПЈЕ

Во следната табела се прикажани физичките показатели од работењето за Град Скопје за период **01.01.-31.03.2022 г.**

Реден број	ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА	Асфалт-крпажа ударни дупки	Асфалт-асфалтирање	Бележење (рачно и машинско)	Поставени знаци	Лед модули	Лантерни санација	Столб санација	Семаформизирани раскрсници	Механизација	Работна рака
	2022	тон	м2	м2	ком	ком	ком	ком	тон	час	час
1.	Асфалтерски работи - изградба	30	8408,46								
2.	Хоризонтална и вертикална сигнализација			2.792,50	199						
3.	Светлосна сигнализација					48	25	10	2		
4.	Зимска служба									6.651,50	21.312
5.	Корито на р.Вардар										
	Вкупно	**30**	**8408,46**	**2.792,50**	**199**	**48**	**25**	**10**	**2**	**6.651,50**	**21.312**

Во периодот 01.01.-31.03.2022 година извршено е бележење на површина од 2.792,50 м2, а претходната година во првите три месеци извршено е бележење на 1.251,37 м2 што покажува дека се бележени 1.541,13 м2 повеќе од истиот период во претходната година. Овие активности се зголемени по налог на Град Скопје.

Зголемени се и активностите од поставување на знаци, бидејќи во периодот 01.01.-31.03.2022 се поставени 103 знаци повеќе од истиот период во претходната година кога биле поставени 96 знаци.

Во периодот 01.01.-31.03.2022 година поставени се 48 лед модули односно 9 лед модули повеќе од претходната година во истиот период.

По налог на Град Скопје во периодот 01.01.-31.03.2022 г. асфалтирани се 8.408,46 м2, додека во истиот период во 2021 г се асфалтирале 9.960,18 м2 односно има намалување на асфалтираните површини за 1.551,72 м2.

По налог на други инвеститори потрошени се 25,7 тони асфалт во периодот 01.01.-31.03.2022 година, а во претходната годиниа во истиот период потрошени се 56 тони асфалт односно има намалување на потрошените количини на асфалт по налог на други инвеститори за 30,3 тони.

5. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Во периодот **01.01.-31.03.2022 г.** покажани се следниве резултати од работењето прикажани во Билансот на успех:

Финансиски показатели	01.01-31.03.2022	01.01.-31.03.2021	Зголемување	Индекс 22/21
Вкупни приходи	54.699.968,00	52.197.807,00	2.502.161,00	1,05
Вкупни расходи	41.640.851,00	40.724.931,00	915.920,00	1,02
Добивка	**13.059.117,00**	**11.472.876,00**	**1.586.241,00**	**1,14**

5.1. ВКУПНИ ПРИХОДИ

Во периодот 01.01.-31.03.2022 г. реализирани се вкупни приходи во износ од **54.669.968,00 денари.** Овој износ на вкупни приходи е повисок од износот на вкупните приходи реализирани во истиот период во 2021 г. (52.197.807,00 денари) за 2.502.161,00 денари односно за 5%. Во овој период повеќе е работено во врска со подготвителни активности пред асфалтирање отколку што е вршено асфалтирање. Асфалтирањето и поголеми приходи ќе следат во наредниот период кога ќе се изврши асфалтирање на веќе подготвените површини.

Вкупните приходи реализирани во период 01.01.-31.03.2022 г. и за период 01.01.-31.03.2021 г. се претставени во табелата која следи:

Реден број	Вид на приход	01.01.-31.03.2022	01.01.-31.03.2021	Индекс 22/21
1	Град Скопје	51.362.699,00	45.895.706,00	1,12
2	Други правни лица	250.650,00	4.099.278,00	0,06
3	Останати приходи	3.086.619,00	2.202.823,00	1,40
	Вкупно:	**54.699.968,00**	**52.197.807,00**	**1,05**

Во следниот графикон е прикажано процентуалното учество на различните видови на приходи во вкупните приходи кои ги има остварено ЈП Улици и патишта - Скопје во период 01.01.-31.03.2022 г. според податоците од претходната табела:

5.1.1. ГРАД СКОПЈЕ

Најголем дел од вкупните приходи во периодот 01.01.-31.03.2022 г. се остварени од работењето по налог на Град Скопје. Во овој период приходите остварени од работењето со Град Скопје изнесуваат **51.362.698,00 денари** и во вкупните приходи кои се во износ од 54.699.968,00 денари учествуваат со 94 % .

Овој тренд на остварување на поголеми приходи во првото тромесечие од годината од соработката со Град Скопје е очекувано, бидејќи се работи за период од годината кога главните активности се околу извршување на Зимската служба, а зависно од временските услови и асфалтирање со "обичен" асфалт и фугирање - активности кои се извршуваат по налог на Градот. Секторот Сообраќај работи со динамика согласно Програмите за работа и временските услови.

Видовите на приходи по дејности кои се остварени од работењето со Градот во период 01.01.-31.03.2022 г. и период 01.01.-31.03.2021 г. се прикажани во табелата која следува:

Реден број	Видови приходи по дејности	01.01.-31.03.2022	01.01.-31.03.2021	Индекс 22/21
1	Редовно зимско одржување	19.072.800,00	24.594.145,00	0,78
2	Редовно летно одржување и изградба	21.837.538,00	10.127.969,00	2,16
3	Хоризонтална и вертикална сигнализација	3.868.650,00	3.752.115,00	1,03
4	Светлосна сигнализација	6.583.710,00	7.381.477,00	0,89
5	Сообраќајни проекти		40.000,00	0,00
	Вкупно:	**51.362.698,00**	**45.895.706,00**	**1,12**

Приходите остварени од работењето по налог на Град Скопје во првото тромесечие од 2022 г. (51.362.698,00 ден.) се поголеми во однос на истите приходи остварени во истиот период од 2021 г. (45.895.706,00 ден.) и тоа за 5.466.992,00 ден (12%).

По одделни видови на приходи, во периодот 01.01.-31.03.2022 година зголемени се приходите остварени од редовно летно одржување во споредба со истиот период во 2021 година за 11.709.569,00 ден. (зголемени се за два пати). Зголемени се и активностите од хоризонтална и вертикална сигнализација во периодот 01.01.-31.03.2022 година за 3% во споредба со истиот период од претходната година.

Во периодот 01.01.-31.03.2022 година има намалување на приходите остварени од редовно зимско одржување за 5.521.345,00 ден (намалување за 22%) во споредба со истиот период во 2021 година кога изнесувале 24.594.145,00 ден.

Исто така има намалување на активностите од светлосната сигнализација во периодот 01.01.-31.03.2022 година за 797.767,00 денари (намалување за 11%) во споредба со истиот период во претходната година кога изнесувале 7.381.477,00 денари.

Во графиконот е прикажана структурата на приходите остварени од работењето со Град Скопје во период 01.01.-31.03.2022 г.



Најголемо процентуално учество во приходите од Град Скопје имаат приходите кои се резултат на Редовно летно одржување и изградба 43%.

5.1.2. ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА

Во првото тромесечие во 2022 г. од работењето со други правни лица се остварени приходи во износ од **250.650,00 ден** и се помали за 3.848.628,00 ден (намалени се за 93,88%) во однос на истиот период минатата 2021 г. кога од овие инвеститори биле остварени приходи во износ од **4.099.278,00 ден** ден.

5.1.3. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

Останатите приходи во периодот 01.01.-31.03.2022 г. се во износ **од 3.086.619,00** денари и ги сочинуваат Приходите од наплатени утужени побарувања, Приходи од надомест на штети, Приходи по основ на затезни камати, административни такси и др. Овие приходи во истиот период минатата 2021 г. изнесувале **2.202.823,00 денари** што покажува дека во периодот во 2022 г. се зголемени во износ од 883.796,00 денари или зголемени се за 40 %.

5.2. ВКУПНИ РАСХОДИ

Вкупните расходи за периодот 01.01.-31.03.2022 г. се во износ од **41.640.851,00 ден** и се поголеми за 915.920,00 ден. (зголемени се за 2 %) од оние истиот период минатата година кога изнесувале **40.724.931,00** ден.

Трошоците по видови кои се остварени од работењето на ЈП Улици и патишта - Скопје во период 01.01.-31.03.2022 г. и период 01.01.-31.03.2021 година се прикажани во табелата која следи:

Реден број	Видови трошоци	01.01.-31.03.2022	01.01.-31.03.2021	Индекс 22/21
1.	Материјални трошоци	8.344.703,00	10.307.007,00	0,81
2.	Нематеријални трошоци	2.984.763,00	2.376.139,00	1,26
3.	Трошоци за вработени	29.143.654,00	26.891.444,00	1,08
4.	Останати расходи	1.167.731,00	1.150.341,00	1,02
	Вкупно:	**41.640.851,00**	**40.724.931,00**	**1,02**

Од Табелата погоре се забележува дека во првото тромесечие на 2022 година Материјалните трошоци во износ од 8.344.703,00 денари се намалени за 1.962.304,00 ден. (19 %) во однос на материјалните трошоци од првото тромесечие во 2021 г. кога изнесувале 10.307.007,00 ден.

Во периодот 01.01.-31.03.2022 г. се забележува зголемување на износите на следните видови трошоци споредбено со истите трошоци за период 01.01.-31.03.2021 година:

- Нематеријалните трошоци се зголемени за 608.624,00 ден (зголемени се за 26 %)
- Трошоците за вработените се зголемени за 2.252.210,00 ден. (зголемени се за 8 %)
- Останатите расходи се зголемени за 17.390,00 ден. (зголемени се за 2 %).

Во графиконот кој следи е прикажана структурата на расходите во периодот 01.01.-31.03.2022 година:

Минатата година најголемо учество во вкупните расходи имаа Останатите расходи, оваа година најголемо учество во вкупните расходи имаат расходите за вработени и тоа 69,99 % иако во апсолутен износ тие се помали во однос на 2021 г.

5.3. БИЛАНС НА СОСТОЈБА

За да се добие подетална и појасна слика за состојбата на Јавното Претпријатие на 31.03.2022 година потребно е да се направи анализа на некои од позициите од Билансот на состојба кои се позначајни за добивање на реални сознанија односно позиции кои се на поголем износ или кои претрпеле значајни промени во периодот 01.01.-31.03.2022 година во однос на истиот период во 2021 година.

Ова, пред се, се однесува на промените во контата 1200 – Побарувања од купувачи, 2200- Обврски спрема добавувачи во земјата 2210- Обврски спрема добавувачи од странство

Кај овие конта на 31.03.2022 г. состојбата е следнава:

1. Обврските спрема добавувачите во земјата и од странство на 31.03.2022 г изнесуваат **74.585.371,00 ден** и се за 34.971.011 ден. (31,92%) помали отколку во истиот период 2021 г. кога овие обврски изнесувале **109.556.382,00** ден.

2. Побарувањата од купувачи на 31.03.2022 г. изнесуваат **176.956.413,00 ден** и се за 5.503.843,00 ден (3 %) помали од побарувањата за истиот период 2021 г. кога тие биле во износ од **182.460.256,00 ден**. Наплатата на побарувањата во првото тромесечие во 2022 г. во однос на истиот период во 2021 г. не е значително подобрена, бидејќи е многу потешко да се изврши наплата на побарувања во услови на вонредна состојба поради пандемија со вирусот COVID 19 и енергетската криза.Имајќи ги предвид искуствата од претходните години, се очекува дека во наредниот период наплатата на побарувањата ќе биде подобрена.

Намалувањето на обврските кон државата по основ на ДДВ и ДД е константно во последните неколку години и е од исклучителна важност за работењето на Претпријатието.

Со измените на Законот за ДДВ (член 32а) кои стапија во сила од 01.02.2014 г Претпријатието повеќе не покажува нови обврски по овој основ, туку напротив скоро секој месец има побарувања за поврат на ДДВ. Овие побарувања нормално се спротиставуваат со долгот за ДДВ од минатите периоди, а тој факт заедно со плаќањата во текот на годината доведоа до намалување на овие обврски.

6. ЗАВРШЕН ДЕЛ

Од сите овие податоци изнесени погоре во текстот може да се заклучи следново:

1. Вкупните приходи остварени во период 01.01.-31.03.2022 г. изнесуваат **54.699.968,00 ден.** и се за 2.502.161,00 ден. (5 %) поголеми од приходите за истиот период минатата година кога изнесувале **52.197.807,00** ден.
2. Вкупните расходи во период 01.01.-31.03.2022 година изнесуваат **41.640.851,00 ден**. и се за 915.920,00 ден. (2 %) поголеми од вкупните расходи во овој период во 2021 година кога изнесувале **40.724.931,00** ден.
3. Како резултат на поголеми приходи од расходи во првото тромесечие во 2022 г. прикажана е добивка во износ од **13.059.117,00 ден.** која е зголемена за 1.586.241,00 ден од добивката за истиот период во 2021 г. кога е остварена добивка **11.472.876,00** ден.

Ова е период од годината кога и приходите и расходите од година во година може многу да варираат, зависно пред се од временските услови како еден од важните фактори кој делува на извршување на дејностите на Претпријатието и со тоа и врз остварените приходи, односно расходи.

Дејноста од која Претпријатието остварува најголеми приходи во годината – асфалтирањето зависи во голем дел, во овој период особено, од временските услови. Ова важи и за уште една дејност на Претпријатието од каде се остваруваат значајни приходи – бележењето на коловозите. Доколку временските услови го дозволуваат тоа, се врши асфалтирање на помали или поголеми површини или воопшто не може да се врши оваа дејност.

Во наредниот период започнува главната сезона за работа на Претпријатието и реално се очекуваат да се остварат приходи повисоки од остварените во првото тромесечие.

Искуството и показателите од минатите години одат во прилог на ова предвидување, но дали овие очекувања ќе се остварат и во која мера зависи најмногу од обемот на работите и налозите за работа кои ќе бидат дадени во наредниот период од Градот Скопје како главен инвеститор на работите кои ги врши Јавното претпријатие. Секако треба да се земе во предвид околностите – пандемијата со вирусот COVID 19 која го погоди светот,како и енергетската криза.

Анализата на податоците за наредните периоди од минатите години покажува и дека месеците кои претстојат се и период кога побарувачката за градежни зафати и кај други правни лица расте, така да се очекува зголемување и на приходите остварени од други инвеститори.

Изготвил:
м-р Слаѓана Ќуиќ

Контролирал:
Виолета Стаменовска

В.Д. Директор
Борис Настов

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА RRUGË DHE RRUGICA